**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 07. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4780 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Третиот десетдневен извештаен период опфаќа исто толку изданија на централната дневно-информативна програма на ТВ Алсат М, емитувани во редовниот термин од 19.00 часот.

Вкупниот обем на анализираните прилози е 4 часа 12 минути и 31 секунда, кои доминантно припаѓаат на претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави

и прилози со социјална тематика, со застапеност од 4 часа, 4 минути и 50 секунди (Табела 1). Новинарските осврти зафаќаат 7 минути и 41 секунда од вкупното време на емитуваните прилози.

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Алсат М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:16 | 4,19 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:31 | 0,21 % |
| Специјално обвинителство | 00:10:42 | 4,37 % |
| Собрание на РМ | 00:06:00 | 2,45 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:31 | 0,21 % |
| Судство | 00:11:18 | 4,62 % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:16 | 12,36 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:49 | 4,01 % |
| Влада на РМ | 00:23:02 | 9,41 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:29 | 5,10 % |
| Други субјекти | 00:28:37 | 11,69 % |
| Без субјекти | 00:25:53 | 10,57 % |
| Локална самоуправа | 00:11:05 | 4,53 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:45 | 5,21 % |
| Граѓански сектор | 00:19:20 | 7,90 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:37 | 0,25 % |
| СДСМ | 00:11:30 | 4,70 % |
| Шарена револуција | 00:03:44 | 1,52 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:18 | 1,35 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:46 | 0,31 % |
| ФРОДЕМ | 00:00:46 | 0,31 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:57 | 0,39 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:40 | 0,68 % |
| ДПА-ДР | 00:01:41 | 0,69 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:30 | 0,20 % |
| Претседател на РМ | 00:00:27 | 0,18 % |
| ДИК и други органи | 00:03:30 | 1,43 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:43 | 0,70 % |
| Привремена комисија | 00:01:07 | 0,46 % |
| | Вкупно: 04:04:50 | 100 % |

Три субјекти имаат поголема процентуална застапеност во анализираните прилози на ТВ Алсат М – *експерти/аналитичари, „други субјекти“* и *„без субјекти“*. Заедно учествуваат со нешто повеќе од една третина застапеност во прилозите коишто се предмет на анализа.

За разлика од претходните два извештајни периоди, кога првозастапена беше некоја од категориите субјекти методолошки кодирани како *„други субјекти“* или *„без субјекти“*, во овој трет извештаен период, поединечно гледано, временски најзастапени како субјекти се *експерти/аналитичари* (30 минути и 16 секунди). Телевизијата во градењето на прилозите често како податлив соговорник ги користи експертите или аналитичарите отстапувајќи простор да го изразат својот став кон актуелните прашања за коишто информира медиумот. Своите размислувања експертите имаа можност да ги искажат во најголем дел околу настаните

поврзани со новиот универзитет „Мајка Тереза", за што ТВ Алсат М посвети значителен обем од времето на вестите, потоа во поглед на притисоците кон Специјалното јавно обвинителство, Предлог-буџетот за 2017 година (беше емитувано интервју со Никола Поповски, експерт за финансиски прашања), проблемите со бројноста на изборните единици, неизјаснувањето на Уставниот суд во врска со СЈО и др.

Според временската застапеност, следуваат субјектите кодирани како *„други субјекти"*, кадешто според податоците од третиот десетдневен мониторинг припаѓаат: адвокати, ЕВН, универзитетски професори, Сеизмолошка опсерваторија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, претставници на туристички агенции, Лукоил и др.

И во овој извештаен период е емитуван значителен обем информации во коишто дел од учесниците се кодирани како *„без субјекти"*. Прилозите за последиците со коишто се уште се соочуваат жителите од поплавените подрачја, прилозите за некои од актуелните судски процеси (Кумановскиот случај, убиството на командант Шќипоња) во коишто како соговорници се појавуваат роднини на притворените, прилозите за проблемите со превозот на учениците средношколци од Тетово или за немањето просторни услови за учениците од село Блаце, кадешто централен субјект се учениците и нивните родители, придонесуваат третозастапена категорија субјекти во вкупното време на анализираните прилози да биде *„без субјекти"*.

Известувањето во континуитет за случувањата околу универзитетот „Мајка Тереза" чинат Владата на РМ, според временската застапеност, да биде високопозиционирана како субјект во вестите на Телевизија Алсат М. Медиумот ги презентира гледиштата и ставовите во врска со ова прашање на министерот за образование, Пиштар Љутфиу. Времето остапено за претставниците на Владата го дополнуваат прилозите за проблемите со превозот на учениците од тетовските средни училишта, во коишто медиумот покрај другите страни, ги презентира и ставовите на ресорното министерство.

Телевизијата генерално известува со неутрален тон и рамка. Во дел од прилозите што се однесуваат на прашањата поврзани со универзитетот „Мајка Тереза" има критички однос кон Министерството за образование и кон министерот Пиштар Љутфиу, како негов претставник, и кон партијата ДУИ.

Вкупно 10 политички субјекти беа дел од вестите на телевизијата. Три од нив (СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ) се временски речиси подеднакво застапени. Преостанатите политички партии застапени во прилозите на ТВ Алсат М се: ДПА, ДПА – ДР, АПМ, ФРОДЕМ, НСДП, НДП и ЛДП.

Емитувани се три новинарски осврта со вкупно времетраење од 7 минути и 41 секунда. „Државата – огромни пари за спортски сали" (трае 2 минути и 3 секунди) е насловот на едниот прилог, вториот „Политичарот Положани – професор и нутриционист" (трае 3 минути и 47 секунди) и последниот „Веб страници – албанските министри го занемаруваат албанскиот јазик" (трае 1 минута и 51 секунда).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:11 | 4,32 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:17 | 0,38 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:41 | 3,64 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:20 | 0,45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:15 | 23,43 | % |
| Влада на РМ | 00:06:32 | 8,87 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:46 | 3,76 | % |
| Други субјекти | 00:09:48 | 13,31 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:30 | 3,40 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:46 | 5,12 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:37 | 13,06 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:07 | 0,16 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:25 | 6,00 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:56 | 2,63 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:21 | 0,48 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:19 | 0,43 | % |
| Судство | 00:00:36 | 0,81 | % |
| Шарена револуција | 00:00:50 | 1,13 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:24 | 0,54 | % |
| СДСМ | 00:04:06 | 5,57 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:08 | 0,18 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:14 | 0,32 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:31 | 0,70 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:15 | 0,34 | % |
| Привремена комисија | 00:00:43 | 0,97 | % |
| | Вкупно: 01:13:38 | 100 | % |

Застапеноста на категоријата експерти/аналитичари од претходната табела се рефлектира и во оваа табела што се однесува на директните обраќања на субјектите во вестите. Повеќе од 1/5 од вкупното време на директните обраќања е отстапено за непосредно соопштување на ставовите на оваа група субјекти, коишто се од различни области, пред се поврзани со сферите политика, право, образование. Според временската застапеност за директни обраќања следуваат: „други субјекти“, претставниците на граѓанскиот сектор, владините претставници итн.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Во анализираниот период од 22 септември до 1 октомври 2016 година, ТВ Алсат М емитуваше вкупно 5 премиерни изданија на дебатни емисии распоредени во 3 препознатливи авторски програми, насловени како „Патот кон“, „Економски магазин“ и „200“. По две од премиерните дебатни изданија беа емитувани во рамки на емисиите „Патот кон“ и „Економски магазин“ и едно во рамки на емисијата „200“. Емитувани се и шест реприزи, од кои 4 се однесуваат на изданијата од „Патот кон“ и две репризи на емисијата „Економски магазин“.

Првата дебата во рамки на емисијата „Патот кон“ е емитувана на 22 септември. Гости во студиото на ТВ Алсат М беа Хисни Шаќири, поранешен пратеник, Јове Кекеновски од ФРОДЕМ, Рубин Земон, универзитетски професор и Милаим Фејзиу, универзитетски професор и активист за правата на Албанците. Водителката на почетокот од емисијата истакнува дека бил поканет и претставник од СДСМ, но од партијата не одговориле на поканата. Гостите дебатираа на тема „Официјализирање на албанскиот јазик како службен“. Емисијата е репризно прикажана уште два пати, на почетокот од наредниот ден и на 24 септември.

Истиот ден, 22 септември, по завршувањето на емисијата „Патот кон“ е емитувана уште една дебатна емисија, овој пат во рамки на „Економски магазин“. На економски теми (Поврат на ДДВ од државната каса, проблеми со коишто се соочуваат компаниите во Македонија) дебатираа двајцата гости, Митко Алексов, директор на Сојузот на Стопански комори на Македонија и Џемал Даути од Стопанската комора на

северозападна Македонија. Водителката информира дека биле поканети и од Стопанска комора на Македонија, но не се одзвале на поканата. Дебатата е репризирана наредниот ден, 23 септември.

На 27 септември се дебатираше за значењето на јазиците, посебно во мултикултурно општество какво што е Македонија, а повод е 26 септември кој во ЕУ се слави како Ден на јазиците. Дебатата беше во рамки на емисијата „200", а свои ставови искажаа Сељадин Салиу, универзитетски професор, Љуран Ахмети, глумец и Борјан Јовановски, новинар.

На 29 септември беше емитувано второто премиерно издание на емисијата „Патот кон" во којашто гостуваа Едмонд Адеми од СДСМ, Зијадин Села од ДПА-ДР и Нијази Мухамеди, политички аналитичар. Актуелните општествено-политички теми беа во фокусот на интерес, со главни акценти на прашањето за употребата на албанскиот јазик како официјален и закажаните избори на 11 декември. Емисијата е репризирана два пати, на 30 септември и на 1 октомври.

Истиот ден, 29 септември, по изданието на „Патот кон„ беше емитувана уште една емисија од серијалот „Економски магазин" со гостите Крсте Шајновски, универзитетски професор и Павле Гацов, претседател на Здружението на даночни експерти. *Истрагата на СЈО за буџетските измами* е тема на разговор со гостите. Наредниот ден, 30 септември, дебатата е репризирана.

*Интервјуа*

На 25 септември е емитувана реприза на интервјуто со министерот за образование и наука, Пиштар Љутфиу, премиерно емитувано на 20 септември, во текот на вториот извештаен период, во рамки на емисијата „200".

***Сектор за програмски работи***